ОПШТИНСКИ
ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 8 Јуни - Јули 2019

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Градоначалникот Мицевски присуствуваше на меѓународен бизнис форум и меѓународна конференција „Ten-Ten“ во Хјустон, САД

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски во периодот од од 17-19 јули, присуствуваше на меѓународниот бизнис форум во САД, на покана од градоначалникот на Хјустон, г-дин Силвестер Тарнер.



На форумот учествуваа околу 400 градоначалници и преставници на општини од целиот свет, како и преставници од „Белата куќа“ и други американски државни институции и организации, кои воедно се и членови на асоцијацијата на збратимени општини „Sister Cities International“.



Градоначалникот Мицевски имаше официјална средба со градоначалникот на Хјустон на која предложи иницијатива за збратимување на општина Крива Паланка со градот Хјустон, како и предлог за активно членство во меѓународната асоцијација „Sister Cities International“ .



Во рамките на форумот се реализираше и меѓународната конференција „Ten-Ten“ (10-10), на која што десет партнери на интернационално ниво раговараа на тема „Борба против меѓународната трговија со луѓе и заштита на детските права и злоупотреба на детскиот труд“. На конференцијата свое излагање имаше и градоначалникот Мицевски.



## Потпишан договор за изградба на два патни правци, во с.Трново и с.Голема Црцорија

На 8 јуни, во просториите на Владата на РС Македонија, градоначалникот Борјанчо Мицевски го потпиша Договорот за изградба на два патни правци, во с.Трново и с.Голема Црцорија.

Средствата во висина од 20.000.000 денари се обезбедени преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, со кои е предвидено:

1. **Изградба на локален пат во с.Голема Црцорија**, делница од асфалт, маала Рупје до маала Баратлици и крак до школо во должина од 3,02 км.
2. **Изградба на локален пат во с.Трново** во должина од 457 м.



## Потпишани договори со Бирото за регионален развој

Во Владата на РС Македонија, Општина Крива Паланка и Бирото за регионален развој ги потпишаа договорите за реализација на проектите:

**1. Изградба на канализација за отпадни води за дел од с.Конопница**, во износ од 1.850.000 денари,

**2. Изработка на техничка документација за локален патен правец Крива Паланка –Варовиште – Кошари – Б’с,** во износ од 1.000.000 денари.

Средствата се обезбедени од Програмата за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа.



## Санација на монтажен метален мост во нас. Скрљава

Извршена е санација на монтажен метален мост во нас. Скрљава (на Скрљавски дол) со зајакнување на носечките делови и нова подлога од бродски лим. Мостот го користат значителен број на жители од овој дел на градот кои понатаму преку пешачка патека се движат кон м.в. „Цонев Рид“.

## Реконструкција на санитарните јазли во ООУ „Јоаким Крчовски“



Во ООУ „Јоаким Крчовски“ во тек се градежни активности за комплетна реконструкција на санитарни јазли со поставување на нова водоводна и канализациона инсталација, со нова санитарија, плочки, врати и штедливи лед арматури за осветлување, а предвидено е и поставување на хидранти на секој спрат.

Реализацијата на овие градежни зафати се одвива според програмата за одржување на училишните објекти со средства обезбедени од Министерството за образование.



## Реконструкција на потпорни зидови

Општина Крива Паланка врши градежни работи на повеќе локации во рамките на програмите за уредување на градежно земјиште и изградба и одржување на локална патна мрежа .



Извршено е тековно одржување и делумна реконструкција на потпорен зид на улица „Никола Тесла“ (кај социјално) при што е уредена и јавната површина која се предвидува во иднина да биде паркинг простори.



Завршени се градежните активности за санација на потпорен зид на крак од улица „Партизанска“ (кон Домачки Дол). Извршена е заштита на коловозот и е обезбедено проширување за разминување на критичниот дел од улицата.

## Исчистени повеќегодишни депонии

Преку ангажираните невработени лица од страна на Општина Крива Паланка за вршење на јавни работи, во соработка со ЈП Комуналец, се расчистени повеќегодишни депонии на неколку локации. Поставени се табли за известување за забранетото фрлање на отпад како и поставен соодветен надзор.



Еколошка акција за собирање на кабестиот отпад покрај регоналниот пат на излез од населбата Домачки дол кон село Осиче. Собрани околу 30 м3 на разновиден отпад .



Спроведена повеќедневна акција за расчистување на една од најстарите депонии во општината, лоцирана во шумата над локалитетот Башичево лозје.

## Активности за чистење на Домачки дол



Извршено е чистење и порамнување на дното и отстранување на несоодветниот материјал од регулацијата на долот кој беше обраснат со вегетација, местимично пополнет со градежен и друг вид на отпад и со поткопани темели на регулацијата.

## Врачени договорите за грантирање на граѓански организации за 2019 година



Градоначалникот Мицевски ги врачи Договорите на 20 грантисти-граѓански организации од Крива Паланка кои ги исполнија критериумите на Јавниот повик за поднесување на пријави за финансиска поддршка за користење средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година. Временската рамка за спроведување на проектите е крајот на календарската година.

**Листата на граѓански организации –грантисти е објавена на http://www.krivapalanka.gov.mk/nastani/16766**



## Разубавување на јавните површини

Повеќе јавни површини во градот беа разубавени преку уметнички интервенции како дел од проектот „Креативни заедници” на Центарот за современи уметности (ЦСУ) – Скопје, поддржан преку Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Активноста се имплементира во соработка со здружението ЦИК-ЦАК од Крива Паланка.

## Нови спортски реквизити за „Боро Менков“



Нови спортски реквизити и опрема се поставени на игралиштето при домот за ученици Боро Менков како дел од проектот „Спорт за сите” кој здружението ТАКТ од Скопје го реализира во соработка со Општина Крива Паланка и локалното партнерство „Спорот за развој”, а со финансиска поддршка од Германското друштво за меѓународна соработка ГИЗ.

## Општина Крива Паланка доби ровокопач преку Проектот за подобрување на општински услуги кој го спроведува МФ



Општина Крива Паланка е една од триесетте општини која доби механизација преку Проектот за подобрување на општински услуги-МСИП, кој го спроведува Министерството за финансии. Станува збор за ровокопач кој Општина Крива Паланка заеднички ќе го користи со општините Ранковце и Кратово.

## Поставена нова урбана опрема и детски реквизити во градскиот парк

Општина Крива Паланка во соработка со ЈП Комуналец постави нова урбана опрема и реквизити за потребите на најмладите.



## Општина Крива Паланка овозможи нов канал за комуникација– Live chat

Општина Крива Паланка им овозможува на граѓаните нов канал за комуникација– Live chat и тоа преку официјалната веб страна www.krivapalanka.gov.mk





## Рели „Калин Камен 2019” – авантура низ Осоговските Планини

Во Крива Паланка се одржа традиционалната манифестација „Џип рели Калин Камен 2019“ во организација на Општина Крива Паланка и Здружението „Офф-роад Осогово“.

Над 150 џипови, шеесетина мотори и останати теренски возила учествува на годинашното издание на релито кое имаше нова рута и дводневна агенда.





## Обука за правилна берба на шумските плодови и лековити билки



Здружението „Агропаланчанка“ во рамките на проектот „Селските собори како алатка за социјална инклузија на руралното население“, реализираше работилница/обука на тема „Дивата овошна флора и лековитите билки во функција на извор на приходи и извор на еколошка храна – правилна берба и правилна преработка“.

Проектот е финансиски поддржан од буџетот на Општината Крива Паланка, преку Програмата за поддршка на здуженија и фондации за 2019 година.



Раководството на кошаркарскиот клуб ,,Крива Паланка” оствари средба со градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, на која во знак на благодарност за поддршката на клубот во изминатата сезона, од името на клубот му беше врачен златен медаљ од освоеното државно првенство во младинска конкуренција за девојки до 14 години.

## Меѓународен фолклорен фестивал за деца „Паланечка тројка“




Во Крива Паланка се оддржа првиот Меѓународен фолклорен фестивал за деца „Паленечка тројка“.

Домаќин на фестивалот е КУД „8-ми Октомври“, а финансиски е поддржан од Министерството за економија преку проект од областа за развој на туризмот.

## Целовечерен концерт на КУЗ Фолклористи



Во рамките на манифестацијата „Кривопаланечко културно лето 2019“, КУЗ Фолклористи оддржаа целовечерен концерт на плоштадот „Карпошово востание“.

Проектот е финансиски поддржан од буџетот на Општината Крива Паланка, преку Програмата за поддршка на здуженија и фондации за 2019 година.